# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**

**I. Општи одредби**
**II. Опис на правилникот**
**III. Завршни одредби**
**IV. Документи и прилози**

| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|---|
| **Изработил** | 19.09.2024 | М-р Светлана Попова | Секретар на Докторска школа | с.р. |
| **Одобрил** | 19.09.2024 | Проф. д-р Зденка Стојановска | Ректор | с.р. |
| Правен основ: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18) | | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница: 148 датум: 08.05.2018 и број на седница: 152, датум: 28.9.2018 година, број на седница: 168, датум: 26.12.2019 година, број на седница: 230, датум: 24.09.2024 година ) | | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Член 2**

Универзитетот врши високообразовна дејност од трет циклус.
Единиците во состав на Универзитетот (во натамошниот текст: кампуси) вршат високообразовна дејност од трет циклус на академски студии - докторски студии во научноистражувачкото подрачје во кое се формирани.
Заради вршење на високообразовна дејност од трет циклус на студии, на Универзитетот се формираат четири кампуси кои се составен дел на Школата за докторски студии:

- Кампус 1 (уметност);
- Кампус 2 (техничко-технолошки науки, биотехнички науки, природно-математички науки);
- Кампус 3 (медицински науки и здравство) и
- Кампус 4 (општествени и хуманистички науки).

**Член 3**

Студиите од трет циклус се докторски и се остваруваат преку кредит-трансфер системот, како заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).
Студиите од трет циклус - докторски студии се остваруваат врз основа на Законот за високото образование, Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, Статутот на Универзитетот, овој Правилник, Правилник за примена на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити - ЕКТС (European Credit Transfer and Accumulation System - ECTS) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и другите акти на Универзитетот.

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

## АКАДЕМСКИ ЕДИНИЦИ

**Член 4**

За остварување на студиска програма од трет циклус на академски студии на Универзитетот, се организира академската единица наставно-научен совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот.

**Член 5**

Наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот, го сочинуваат сите професори кои имаат добиено акредитација за ментори од сите факултети кои се во состав на научно-истражувачкото подрачје во кое е формиран кампусот.

Претседател на наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот, се избира од редот на членовите за период од две години, со право на повторен избор без ограничување.
Претседателот на наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот, го избира ректорот на Универзитетот на предлог на наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот на Универзитетот.
Предлогот за претседател на наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот, наставно - научниот совет на докторските студии на кампусот на Универзитетот го донесува со јавно гласање со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на наставно-научниот совет на докторските студии на кампус на Универзитетот.
Декан на единица не може да биде Претседател на наставно – научен совет на докторски студии на ниво на кампус.
Претседателот на наставно-научниот совет на докторските студии, назначува раководители на студиските програми на докторските студии на ниво на кампусот.
Наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови на наставно-научниот совет на кампусот, освен за став 4 од овој член.

**Член 6**

Наставно-научниот совет на докторските студии на ниво на кампус на Универзитетот, ги има следниве надлежности:

- донесува предлог – одлука за избор на претседател на наставно-научниот совет на докторски студии на Кампусот и ја доставува до ректорот на одлучување;
- предлага конкурс за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии и го доставува до Ректорската управа која го утврдува и објавува;
- го утврдува предлог-бројот на студенти и износот на школарината за докторските студии и истиот го доставува до Ректорската управа на Универзитетот;
- ги определува дополнителните услови за запишување на докторските студии;
- донесува одлуки за запишување на трет циклус на студии-докторски студии и ги доставува до Ректорската управа за верификација,
- на предлог на претходно назначените раководители на студиските програми ја усвојува покриеноста за изведување настава од трет циклус во тековната акдемска година;
- формира комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот;
- донесува одлука за Извештајот од комисијата за подобност на темата, тезите и кандидатот и определува интерен и екстерен ментор;
- формира комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација;
- донесува одлука за извештајот на комисијата за оценка на докторската дисертација и определува датум за јавна одбрана на докторската дисертација;
- донесува одлука за организирање на докторски семинари, работилници, конференции и слично во согласност со студиската програма, а по предлог на Претседателот на наставно – научниот совет на докторски студии на кампусот или било кој член на наставно – научниот совет на докторски студии на кампусот;
- донесува одлука за отпочнување на постапка за

акредитација/реакредитација на студиските програми и ментори на трет циклус студии;
- донесува предлог-одлуки за усвојување на студиските програми на трет циклус студии;
- дава предлози за организирање на заеднички докторски (интердисциплинарни) студии на ниво на Универзитет или со други универзитети во државата и странство;
- донесува предлог-одлука за распишување на Конкурс за 3 циклус студии;
- донесува Одлука за отпочнување постапка за акредитација за ментор за 3 циклус студии;
- донесува одлуки за барања од студенти на трет циклус студии.

## УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И ПРАВИЛА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС АКАДЕМСКИ СТУДИИ

### Член 7

На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно или интегрирани студии.
Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии.
Со одлука на наставно-научниот совет на кампусот на Универзитетот се утврдува соодветноста на вториот циклус за запишување на докторските студии.
Кандидатите за запишување мораат да имаат активно познавање на еден од светските јазици.

### Член 8

Запишувањето на докторски студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот во согласност со закон.
Во конкурсот прецизно се дефинираат условите и критериумите за пријавување и запишување на докторски студии, коишто по предлог на Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на кампус на Универзитетот ги утврдува и објавува Ректорската управа на Универзитетот.
Конкурсот содржи: име на Универзитетот и негова адреса, назив на студиската програма, место на изведување на студиската програма, времетраење на студиите, услови за запишување, предвиден број на слободни места за запишување, постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите и висината на школарината.

### Член 9

Кандидатите се пријавуваат на објавениот конкурс со поднесување пополнета пријава/образец што е подготвена од страна на Одделението за магистерски и докторски студии - ОМДС.ОБ.23 *Пријава за упис на трет циклус на студии.*
Со пријавата кандидатите ја доставуваат и потребната документација по

конкурс.
Пријавата се доставува до Универзитетот - Одделение за магистерски и докторски студии.

**Член 10**

Пријавите и доставената документација за запишување на трет циклус - докторски студии, Одделението за магистерски и докторски студии ги доставува до Универзитетската конкурсна комисија - ОМДС.ОБ.05 *Записник за извршено примопредавање на материјали по конкурс за втор и трет циклус на студии.*

**Член 11**

Странските државјани имаат право на запишување во трет циклус - докторски студии под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија, со плаќање на 100% поголема од школарината што ја плаќаат студентите кои се државјани на Република Македонија.

**Член 12**

Кандидатите кои стекнале право на запишување се запишуваат на трет циклус - докторски студии по донесена одлука за прием од наставно-научниот совет на кампусот на Универзитетот и верификацијата од Ректорската управа.
При запишувањето на трет циклус – докторски студии, кандидатот доставува изјава од ментор како согласност за раководење на студентот во текот на студиите - ОМДС.ОБ.30 *Изјава од менторот* и во консултација со раководителот на студиската програма на докторските студии и потенцијалниот ментор ги утврдуваат задолжителните предмети и ги дефинираат изборните предметите кои ќе бидат задолжителни предмети - ОМДС.ОБ.25 *Задолжителни предмети за трет циклус на студии*.

**Член 13**

Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив **доктор на науки** (dr.sc, PhD), односно **доктор по уметности** (dr. art).
Универзитетот може да организира студии од трет циклус во траење помалку од 3 (три) години, со кои се стекнува звањето **специјалист по одредено подрачје** (spec.). Називот специјалист т.е. неговата кратенка се додава на академскиот назив стекнат од вториот циклус на академски студии.
Универзитетот може да утврди дека со завршувањето на специјалистички студии од трет циклус се стекнува поинакво звање од звањето пропишано во став 2 на овој член, во случај кога за одредено стручно подрачје со посебен закон е пропишано специјалистичко усовршување.

## СТРУКТУРА НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ

**Член 14**

Докторските студии траат најмалку 3 (три) години и се состојат од две фази:

**Прва фаза: Фаза на обука за истражување**.

Првата фаза опфаќа: организирана академска обука што содржи задолжителни и изборни наставни предмети, индивидуална истражувачка работа и презентација на пилот-истражувачки труд.

**Втора фаза: Презентација на резултатите, изработка и одбрана на докторската дисертација.**

Втората фаза опфаќа: индивидуална истражувачка работа, презентација на резултатите од докторската дисертација, изработка и јавна одбрана на докторската дисертација.

**Процедури и надлежности**

Првата фаза на докторските студии трае 3 (три) семестри и се одвива по следнава процедура:

• прва година

прв семестар – задолжителни и изборни наставни предмети,

втор семестар – задолжителни и изборни наставни предмети,

• втора година

трет семестар: научно-истражувачка работа и јавна презентација на пилот - истражувачки труд (јавна одбрана на докторски семинар на Универзитетот, или јавна одбрана на единицата на Универзитетот).

**Втората фаза на докторските студии трае 3 (три) семестри:**

• четврти, петти и шести семестар, кои се предвидени за индивидуална истражувачка работа, реализација на независен истражувачки проект под менторство, презентација на резултатите од докторската дисертација, изработка и јавна одбрана на докторската дисертација.

## НАПРЕДУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИИТЕ

### Член 15

Докторандот во прва година треба да комплетира најмалку 30 ЕКТС кредити од задолжителните или изборните наставни предмети за да запише наредна година на студии.

Докторандите кои ги исполниле сите студиски обврски во прва и во втора година, запишуваат трета година од докторските студии.

На докторандите кои навремено не ги исполнувале административните, финансиските и студиските обврски , или не го одбраниле докторскиот труд или не започнале постапка за одбрана на докторскиот труд во роковите определени со општите  и поединечните акти на УГД, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот, со одлука ќе им утврди престанок на статус на студент на докторски студии.

### Член 16

Префрлување од една на друга студиска програма е можно ако докторандот ги исполнува условите за  упис на таа студиска програма и ако има слободен ментор за таа студиска програма, со негова согласност.

## ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИ ТРУД/ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА, ОДНОСНО ИЗРАБОТКА И/ИЛИ ИЗВЕДБА НА УМЕТНИЧКО ДЕЛО

**Член 17**

Пријавата на темата за изработка на докторски труд може да се поднесе на почетокот на четвртиот семестар, по реализирани 60 ЕКТС кредити.

Пријавата на темата за изработка на докторски труд содржи:

- наслов на темата;
- тези и нивна разработка;
- предмет на истражување;
- методи на научни истражувања;
- цели на истражувањето;
- преглед на достигнувања на научната дисциплина кои се поврзани со тезите на истражувањата;
- структура на темата;
- очекуван научен придонес;
- примена на резултати од истражувањето и
- предлог на интерен и екстерен ментор.

Пријавата на темата за изработка на докторски труд, студентот ја доставува до Одделението за магистерски и докторски студии.

Одделението за магистерски и докторски студии пријавата ја проследува до наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот на Универзитетот, ако студентот има реализирано 60 ЕКТС кредити.

**Член 18**

Менторството се организира преку двајца ментори: интерен и екстерен, при што интерниот е од кампусот каде што е организирана судиската програма, а екстерниот е од соодветната научна област од Универзитетот или пак од друг универзитет.

Интерниот и екстерниот ментор ги избира Наставно-научниот совет на докторските студии на кампусот на Универзитетот.

Од денот на изборот на менторите започнуваат да течат роковите за изработка и одбрана на докторската дисертација.

**Член 19**

Задачите на интерниот ментор се:

- да го советува, насочува и води кандидатот во текот на докторските студии;
- да дава мислење, сугестии, забелешки и предлози во текот на изработката на докторскиот труд;
- да достави завршен извештај за конечната верзија на докторскиот труд - ОМДС.ОБ.32 *Завршен извештај за конечната верзија на докторскиот труд*, кој го доставува до Наставно-научниот совет на докторските студии на кампусот на Универзитетот, преку Одделението за магистерски и докторски студии, заедно со мислењето на екстерниот ментор.

По образложено и издржано барање на кандидатот, може да се направи промена на менторот. За тоа одлука донесува Наставно-научниот совет на докторските студии на кампусот на Универзитетот.

**Член 20**

Екстерниот ментор дава свое мислење во однос на завршниот извештај за конечната верзија на докторскиот труд - ОМДС.ОБ.33 *Мислење за завршен извештај за конечната верзија на докторскиот труд*.

**ДОКТОРСКИ ТРУД, ОЦЕНКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД**

**Член 21**

Докторскиот труд е самостоен научен труд како резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна, односно уметничка област.

Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два дела: теоретски дел и јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба. Во текот на втората фаза -, кандидатот е должен до менторите два пати годишно да поднесува извештај за постигнатиот напредок.

Кандидатот е должен да го изработи докторскиот труд во рок од 2 (две) години од денот на определувањето на менторите.

Кандидатот за доктор на науки е должен да го одбрани докторскиот труд најдоцна во рок од 5 (пет) години од денот на запишувањето на докторските студии.

Докторскиот труд треба да биде изработен согласно работното упатство за изработка на трудови на Универзитетот - ОМДС.РУ.01 *Работно упатство за изработка на трудови (семинарски, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.*

Доколку од оправдани причини кандидатот не го изработи докторскиот труд во рокот од став 5 на овој член, наставно-научниот совет на кампусот може да го продолжи рокот за изработка на докторскиот труд за уште 2 (две) години.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат: подолготрајна тешка болест, бременост и породување, отсуство од земјава во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и други оправдани причини.

Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација.

Одредбата од став 8 од овој член и објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект, не се однесуваат на докторските студии од областа на уметноста.

**Член 22**

Кандидатот за доктор на науки откако ќе го изработи докторскиот труд, поднесува писмено барање за проверка на студентското досие до Одделение за магистерски и докторски студии - ОМДС.ОБ.13 *Барање за проверка на студентско досие.*

Комисијата за проверка на студетското досие е составена од тројца членови: Советник за магистерски и докторски студии, секретар на докторска школа и проректор за наука.

Комисијата за проверка на студентското досие врши увид во студентското досие и изработува извештај за состојбата на студентското досие - ОМДС.ОБ.27

*Извештај од комисијата за проверка на студентско досие за трет циклус (комплетно).* Кога досието е комплетно, комисијата го потпишува извештајот и му го издава на канадидатот, а кога не е комплетно изготвува - ОМДС.ОБ.28 *Извештај од комисијата за проверка на студентско досие за трет циклус (некомплетно) и* го известува кандидатот за да изврши комплетирање на досието.
Комисијата се состанува по потреба.

**Член 23**

Докторската дисертација ја оценува комисија за оценка на докторскиот труд која се состои од пет члена од кои најмалку три се од соодветната научна област од установата која ги организира докторските студии.
Комисијата за оценка на докторскиот труд се формира по доставениот; завршен извештај од менторот, мислење за завршниот извештај од екстерниот ментор, извештај од системот за плагијати, потврда за реализирана меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој, потврда од менторот (пријава за испит) за реализирани предавања и друг вид на комуникациски активности и доставено барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд - ОМДС.ОБ.29 *Барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд* до наставно-научниот совет на кампусот на Универзитетот преку Одделението за магистерски и докторски студии, 5 (пет) примероци од докторскиот труд и 15 примероци од авторезимето, извештај од комисијата за проверка на досието - ОМДС.ОБ.27 *Извештај од комисијата за проверка на студентско досие* и два труда објавени во референтна научна публикација.
Извештајот на комисијата, треба да содржи предлог-заклучок за прифаќање, одбивање или за нужни измени и дополнувања на докторскиот труд.

**Член 24**

Извештајот на комисијата за оценка со предлогот се објавува во Универзитетскиот билтен и на веб-страницата на Универзитетот, во рок од 30 дена од денот на формирањето на комисијата, пред да биде доставен до наставно-научниот совет на кампусот.
Во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен, заинтересираните лица може да поднесат приговор на извештајот на комисијата.
Приговорот се поднесува до наставно-научниот совет на кампусот преку комисијата за оценка на докторската дисертација.
Комисијата дава одговор на приговорот.
Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Универзитетски билтен.
Наставно-научниот совет на кампусот по предлогот на комисијата донесува одлука во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавувањето.
Доколку наставно-научниот совет на кампусот го прифати предлогот на комисијата да се извршат нужни измени и дополнувања на докторскиот труд, кандидатот е должен да постапи по забелешките и во рок од 3 (три) месеци, докторскиот труд повторно да го достави на оценување.
Во случај наставно-научниот совет на кампусот да не го прифати извештајот (рецензијата) за оценка на докторскиот труд, трудот му се враќа на кандидатот и истиот не може повторно да биде поднесен за оценување.

**Член 25**

Одбраната на докторскиот труд се врши пред комисија соствена од 5 (пет)члена, која може да е во истиот состав како и комисијата за оценка.

Одлуката за составот на комисијата се донесува на истата седница на која наставно-научниот совет на кампусот се изјаснува за извештајот од комисијата за оценка.

Доколку извештајот биде усвоен, наставно-научниот совет на кампусот закажува јавна одбрана на докторскиот труд.

Одбраната на докторскиот труд се врши пред комисијата за одбрана.

Јавната одбрана на докторскиот труд се закажува најрано 15, а најдоцна до 30 денови по прифаќањето на извештајот за докторскиот труд, а за денот, часот и местото на одбрана, кандидатот електронски се известува најдоцна 15 дена пред денот определен за одбрана.

Денот, часот, местото на одбраната, името на кандидатот и насловот на докторскиот труд, се објавуваат од страна на Универзитетот, во еден дневен весник и на веб-страницата на Универзитетот, најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на одбраната.

Најдоцна 7 дена пред одбраната, докторандот е должен да достави 10 (десет) примероци од докторскиот труд, потврда за извршено лекторирање и електронска верзија од докторскиот труд.

Пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб - страната на Универзитетот, како и во базата на отворени образовни и научни ресурси која ја води министерството надлежно за високото образование и која мора да биде јавно достапна на интернет.

Во случај на отсуство на член од комисијата, најмалку 30 дена пред одбраната, наставно-научниот совет на кампусот избира нов член на комисијата за одбрана. Одбраната на докторскиот труд е јавна и се врши во просториите на кампусот на Универзитетот, каде е организирана студиската програма.

## РЕЗУЛТАТ ОД ОДБРАНАТА

**Член 26**

По завршувањето на одбраната на докторскиот труд, комисијата донесува одлука за одбраната која гласи: „кандидатот успешно ја одбрани докторската дисертација и квантитативно се оценува“, или „кандидатот не ја одбрани докторската дисертација“.

## ПРОМОЦИЈА НА ЛИЦА КОИ ЗАВРШИЛЕ ТРЕТ ЦИКЛУС - ДОКТОРСКИ СТУДИИ И СЕ ЗДОБИЛЕ СО НАУЧЕН НАЗИВ ДОКТОР НА НАУКИ

**Член 27**

Промоцијата на лица кои завршиле трет циклус – докторски студии и се здобиле со назив доктор на науки ја врши ректорот во согласност со Статутот и со актите на Универзитетот. Протоколот за промоцијата е дефиниран согласно ОМДС.РУ.04 *Работно упатство за начинот на промоција на доктор на науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.*

По одбраната на докторската дисертација од страна на кандидатот, секретарот на докторска школа ги известува писмено председателот на

наставно-научниот совет на кампусот на Универзитетот, менторите, членовите на комисијата за одбрана, проректорите и кандидатот за денот на свеченото прогласување на кандидатот за доктор на науки.
На промоцијата може да присуствуваат и други лица.

**Член 28**

Деканот ја соопштува биографијата на кандидатот, неговата стручна, научна и општествена активност, ставот на комисијата за одбраната на докторскиот труд, како и датумот на одбраната.
Менторот, односно членот на комисијата за одбрана на докторскиот труд ги соопштува називот и содржината на докторскиот труд, како и научните резултати до кои дошол кандидатот во текот на работата на докторскиот проект и изработката на докторскиот труд.
Промоцијата на доктор на науки завршува со констатација на ректорот на Универзитетот дека се исполнети условите за прогласување на кандидатот за доктор на одредена област на науки и со врачување на дипломата - Р.ОБ.01 *Решение за промовирање на доктор на науки.*
Докторандот кој го одбранил докторскиот труд се запишува во книга за завршен трет циклус студии – докторски студии, која се води на Универзитетот од страна на Одделението за магистерски и докторски студии.
На кандидатот му се издава диплома за завршен трет циклус на студии и додаток на дипломата, а до доделувањето на дипломата за завршен трет циклус на студии, на кандидатот му се издава уверение за положени испити од трет циклус студии - докторски студии.

## СТЕКНУВАЊЕ НА ЕКТС КРЕДИТИ НА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ

**Член 29**

За задолжителните и изборните наставни предмети во првиот семестар се стекнуваат вкупно 30 ЕКТС кредити.
За задолжителните и изборните наставни предмети во вториот семестар се стекнуваат вкупно 30 ЕКТС кредити.
За индивидуалната истражувачка работа и јавна одбрана на пилот-истражувачкиот проект во вториот семестар се стекнуваат вкупно 30 ЕКТС кредити.
За индивидуалната истражувачка работа во четвртиот семестар се стекнуваат 30 ЕКТС кредити.
За индивидуалната истражувачка работа во петтиот семестар се стекнуваат 30 ЕКТС кредити.
За индивидуалната истражувачка работа во шестиот семестар и јавна одбрана на докторскиот труд се стекнуваат 30 ЕКТС кредити.

## ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ОСТВАРУВА ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ДОКТОРСКИ СТУДИИ

**Член 30**

Наставата, семинарите и полагањето на испитите на докторските студии се изведуваат на македонски јазик, а одделни студиски програми или делови од студиските програми, може да се изведуваат и на англиски јазик, за што одлука донесува Наставно-научниот совет на докторските студии на кампусот на Универзитетот.

Странските државјани докторскиот труд можат да го работат и бранат јавно, по правило на македонски јазик или еден од светските јазици (англиски, германски, француски и руски јазик), со задолжителен превод на докторскиот труд на македонски јазик.

**Член 31**

Доколку екстерниот ментор или член на комисијата за оценка на докторската дисертација, не зборува македонски јазик, кандидатот е должен покрај на македонски јазик, да обезбеди превод на докторската дисертација на еден од светските јазици (англиски, германски, француски и руски јазик). Рецензијата исто така треба да биде, покрај на македонски јазик, и со превод на еден од светските јазици (англиски, германски, француски и руски јазик).

## ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА (JOINT DEGREE)

**Член 32**

Два или повеќе универзитети во државата или универзитет од државата и акредитирана високообразовна установа од странство, односно нејзина единица акредитирана и регистрирана во Република Македонија, според условите определени со Законот за високото образование, може да реализираат студиска програма која заедно ја прифаќаат и изведуваат.
Со завршувањето на оваа студиска програма, студентот стекнува заедничка диплома (Joint Degree).
Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, се применуваат прописите на високообразовната установа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

## АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА

**Член 33**

Стручните, административните и техничките работи поврзани со работата на третиот циклус на студии – докторски студии, ги врши Школата за докторски студии, Одделението за магистерски и докторски студии и советникот за архивско работење од единицата од каде е претседателот на наставно – научен совет на докторски студии на Кампусот.

**Член 34**

Со третиот циклус на академски студии - докторски студии, раководи проректорот за наука.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ-ДОКТОРСКИ СТУДИИ

**Член 35**

Докторските студии имаат карактер на приватни студии и финансирањето го вршат студентите на докторските студии.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото објавување.

## IV.ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ

1. ОМДС.ОБ.05 *Записник за примопредавање по конкурс*
2. ОМДС.ОБ.13 *Барање за проверка на студентско досие*
3. ОМДС.ОБ.23 *Пријава за упис на трет на студии*
4. ОМДС.ОБ.24 *Прелиминарна /конечна ранг листа на кандидати за трет циклус на студии*
5. ОМДС.ОБ.25 *Задолжителни предмети за трет циклус на студии*
6. ОМДС.ОБ.26 *Договор за студирање на трет циклус на студии*
7. ОМДС.ОБ.27 *Извештај од проверка на студентско досие за трет циклус на студии (комплетно)*
8. ОМДС.ОБ.28 *Извештај од проверка на студентско досие за трет циклус на студии (некомплетно)*
9. ОМДС.ОБ.29 *Барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на докторски труд*
10. ОМДС.ОБ.30 *Изава за согласност за ментор на трет циклус на студии*
11. ОМДС.ОБ.31 *Записник од одбрана на докторски труд*
12. ОМДС.ОБ.32 *Менторски извештај од интерен ментор*
13. ОМДС.ОБ.33 *Мислење за завршен извештај од интерен ментор*
14. ОМДС.ПР.01 *Процедура за јавна одбрана на магистерски-докторски труд*
15. ОМДС.ПР.03 *Процедура за формирање и ажурирање на студентско досие за втор и трет циклус на студии*
16. ОМДС.ОБ.04 *Процедура за оценка и одбрана на докторски труд*
17. ОМДС.ПРВ.04 *Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот*
18. ОМДС.РУ.01 *Работно упатство за изработка на трудови(семинарски, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*
19. ОМДС.РУ.04 *Работно упатство за начинот на промоција на доктор на науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*
20. Р.ОБ.01 *Решение за промоција на доктор на науки*

Универзитетски сенат
Претседател

___________________________
Проф. д-р Илчо Јованов